## ДЕТСКИ КАРНЕВАЛ ЗА ДЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ

**A MODEL FOR A CHILDREN'S DENTAL HEALTH CARNEVAL**
**Harn SD, Kuster GK.**
**J Dent Child 1991; 58(4): 320-7.**

Детскиот карневал се одржува во рамките на Националниот детски месец за дентално здравје во Небраска, кој, пак, за прв пат е одржан во 1941 година. Домаќин на карневалот е Стоматолошкиот факултет при Универзитетот во Небраска. Самиот карневал има за цел да ја промовира превентивната стоматологија пред децата и родителите, а наедно да ги запознае студентите со важноста од вклучувањето во проекти со општествено значење.

Карневалот содржи 38 индивидуални станици и 5 штандови, од кои, секој е компонента на една од следниве категории: заштита, воспитни штандови, забавни игри, забавни случки, штандови со промоционални продукти.

Заштитините станици се состојат од ортодонтска процена што се води заедно со родителите; орална заштита со прегледување на забите, гингивите и меките ткива; инструкции за домашна нега, преку кои децата се запознаваат со најпристапните техники на превентивата.

Воспитни штандови има 8 и тие содржат основни инструкции поврзани со денталното здравје: орални навики - при што родителите се запознаваат со нивното штетно дејство и значење; флуор и залеани фисури - типови и значење на флуоридите и разлика меѓу забите со и без залеани фисури; штанд за штетноста на пушењето врз оралните структури; концепт за распаѓањето на забите; исхрана; развој на забите; значењето на користењето на ремените во автомобилите во превенцијата на повреди на главата и вратот; предизвик на иднината.

Воспитни игри се замислени 7 и тие содржат силна воспитна компонента, како на пример:"Што е мојот заб", "Што има во мојот заб", или запознавање со имињата на забите.

Забавни игри има 9 и тие се предвидени исклучително за забава, но секоја од нив содржи нешто поврзано со стоматологијата.

Девеtте забавни случки, имаат исто така, цел, низ игра и забава, да ги научат децата да се грижат за своето забало.

Штандовите со промоционални продукти запознаваат со нови пасти за заби за деца и возрасни, со новите четкчиња за заби и други препарати, дополнително и со воспитни проспекти за заштита на денталното здравје.

Корисtа од овој карневал е повеќекратна: јавноста станува подобро информирана за важноста на превентивата кај децата; децата, низ игра и забава се здобиваат со стоматолошко воспитување, а студентите по стоматологија се вклучуваат и се обучуваат за оргнизација и учество во проекти со општествен значење.

**Д-р Марија Стевановиќ**